# Извештај на активности за 2013 година на Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ Скопје

## Вовед

За Еко-свест, 2013 беше година на градење партнерства. За прв пат од постоењето на организацијата успеавме да изградиме цврсти партнерства со организации чиј домен на работа не е животната средина. Ова зборува за важноста на нашата работа во делот на ЕУ апроксимацијата и следењето на јавните пари и за почитта и признанието на овие организации кон Еко-свест како и нашата препознатливост во Македонија.

Се разбира, партнерства градевме и со нашите сродни организации за неколку проекти кои ги спроведувавме заедно. Оваа наша посветеност да се здружуваме најдобро се отсликува со желбата за формирање на единствена еколошка електронска платформа Екосфера.

## Спроведени активности

### Следење на ИПА фондовите во Македонија

Во 2013 година Еко-свест официјално започна иницијатива за здружување на граѓански организации активни во темата ЕУ интеграција и следење на ЕУ фондовите. Оваа иницијатива резултираше со формирање на ИПА координативно тело од вкупно 8 организации, и тоа: Еко-свест, Македонски центар за европско образование, Реактор, Институт за европска политика, Асоцијација Зенит, Аналитика, Фронт 21/42 и Центарот за граѓански комуникации. Координативното тело од самиот почеток имаше поддршка од претставничката на Граѓанската платформа на Македонија во Националниот совер за евроинтеграција и од Фондацијата Отворено Општество Македонија.

Координативното тело за ИПА во текот на целата година беше во контакт со Делегацијата на ЕУ во Македонија и со Секретаријатот за европски прашања

про Владата на Република Македонија со цел да ги информира за своето постоење и посветеност да се вклучи во процесот на програмирање на ИПА фондовите во Македонија.

При крајот на 2013 година, Еко-свест во партнерство со овие организации поднесоа предлог проект до Програмата за граѓански организации на УСАИД за реализација на активности за само-организирање и градење на капацитетите на граѓанските организации за ИПА во текот на 2014 година.

Еко-свест во 2013 година активно се вклучи во процесот на консултации за Националниот Стратегиски Документ за Македонија кој ги дава насоките за искористувањена ИПА средствата во периодот од 2014-2020 година. За таа цел беше подготвен предлог за секторот животна средина и истиот беше консултиран со граѓанските организации на навионално ниво по што беше испратен до релевантните институции.

## Екосфера- еколошка платформа

Во рамки на проектот „Екосфера- еколошка платформа" финансиски поддржан од страна на ГЕФ Програмата за мали грантови во Македонија на почетокот на 2013 година се спроведоа анкета и консултативна работилница со граѓанските организации кои делуваат на поле на животна средина со цел да се добијат повратни информации за потребите на електронскиот портал. Во текот на целата година акцентот беше ставен на изработка на електронскиот портал и негово тестирање.

Во рамки на проектот беа изведени и неколку анализи и беа подготвени база на здруженија активни на полето на заштита на животната средина, на медиуми, експерти и бази на документи потребни за развој на граѓанските здруженија. Воедно, беше подготвена и база на научни трудови од област на заштитата на животната средина која брои над 300 документи.

## Градење партнерства за климата во Македонија

Преку поддршката од страна на Европската фондација за климата и AirClim секретаријатот, Еко-свест во текот на 2013 година продолжи на тема климатски промени да работи со граѓанските организации и бизнис секторот. Склучени беа 3 партнерства со граѓански организации и тоа со Фронт 21/42, Реактор и Центарот за напредна едукација- Битола. Со бизнис секторот се работеше на тема енергетска ефикасност и предизвиците од спроведувањето мерки за заштеда на енергија, преку конференцијата која се одржа во декември 2013 година.

Во текот на 2013 година се следеше состојбата со енергетскиот сектор во Македонија и започнаа подготовките на енергетската студија во соработка со

професорите Стефан Бужаровски и Стивен Глин од Универзитетот во Мачестер, Велика Британија.

## Одржлива енергетска политика за Балканот

Регионалниот ЕУ проект кој се спроведува на Балканот и во Македонија започна во 2013 година и трае до крајот на 2014 година со можност за негово продолжување како еден вид партнерство со Европската комисија. Од Македонија, Еко-свест, Аналитика и Фронт 21/42 се партнерските организации со посебни улоги во проектот. Аналитика работи на подготовка на алтернативен енергетски модел за Македонија, Фронт 21/42 има улога во застапувањето и водењето јавна кампања, а Еко-свест има координативна и советодавна улога.

Се очекува во 2014 година да се објави алтернативниот енергетски модел за Македонија базиран на голем број податоци и изработен со помош на Британски сертифициран софтвер. Во текот на 2013 година, како заеднички напор на сите партнерски организации од Балканот беше промовирана студијата „Инвестирај набрзина ќе се каеш полека“.

## Заштита на НП „Маврово“

Кампањата за заштита на НП „Маврово“ започна уште во 2011 година со првата жалба до Европската банка за обнова и развој за проектот „Бошков мост“. Дури во 2013 година независниот експерт на Банката издаде извештај во кој јасно е наведено дека Банката ги прекршила сопствените процедури при одобрувањето на проектот „Бошков мост“. Како резултат, започна 12 месечен биолошки мониторинг за утврдување на фактичката состојба во Паркот.

Во однос на проектот „Акумулација Луково Поле“, по голем број состаноци и писмени дописи до Светската банка за ризиците по водните текови и заштитата на Паркот, во 2013 година беше донесена одлука од страна на Банката и Владата на РМ за отстранување на изворот Пројфел (Длабока река) од проектот, поради потребата истиот да биде заштитен под строга заштита во рамки на Паркот.

При крајот на 2013 година кон кампањата се приклучија меѓународните Euronatur и Riverwatch, кои директно преземаа активности на ниво на ЕУ за подигнување на свеста за заштита на таканареченото „Сино срце на Европа“.

# Објавени публикации во 2013 година



## Националниот парк „Маврово“ и планираните хидро проекти на неговата територија

Автор: Ана Чоловиќ Лешоска, Александра Бујароска, Методија Велевски
Декември, 2013



## Став за загадувањето

Автори: Еко-свест, Реактор, поддржано од Фронт 21/42 и Го Грин
Декември, 2013



## Топла, чиста, безбедна енергија- факти

Автор: SEE Change Net
Декември, 2013



## Ставови на граѓанските организации за програмирањето на ИПА фондовите во Македонија за 2014-2020 година

Автор: Граѓански организации, сумирано од Ана Чоловиќ Лешоска
Март, 2013



## Инвестирај набрзина ќе се каеш полека

Автор: SEE Change Net
Јуни, 2013



## Водич за активисти за Европските фондови

Автор: Ана Чоловиќ Лешоска
Март, 2013

## Претставување на секторот пред институциите

Во 2013 година Еко-свест го најде своето место во 2 значајни тела како претставник на граѓанскиот сектор кој делува во област на животната средина. Едното е координативното тело со Министерството за животна средина и просторно планирање, каде Ана Чоловиќ Лешоска беше избран претставник за секторот Инвестиции во животната средина. Целта на координативното тело е зближување на претставниците на граѓанскиот сектор со раководителите на различните сектори во Министерството за подобра координација и соработка. Исто така, ова тело треба да служи при консултациите на Министерството по однос на закони, акти, проекти, студии и сл.

Локалната советодавна група на проектот TACSO (Technical assistance for CSOs) на Европската Комисија е исто така тело каде Еко-свест го претставува секторот на животна средина и земјоделие. Улогата на Еко-свест е советодавна.

# Извештај на финансиското работење во 2013 година на Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ Скопје

## Приходи во 2013 година

Во текот на 2013 година остварени се приходи во вкупен износ од 3 397 035,00 денари и тоа по следните основи:

| Основ на приходот | Износ на приходот |
|---|---|
| Приходи од камати и позитивни курсни листи | 888,00 |
| Приходи од донации | 2845278,00 |
| Приходи од членарини | 5500,00 |
| Пренос од 2012 година | 545369,00 |
| **Вкупно** | **3397035,00** |

# Расходи во 2013 година

Во 2013 година Еко-свест имаше вкупно расходи во износ од 2 905 254,50 денари. Табеларно, расходите се прикажани во Табела 1. Во текот на 2013 спроведувани се вкупно 8 проекти.

| **Тип на расход** | **Износ** |
|---|---|
| Плати | 894.678,00 |
| Комуникација | 82.675,50 |
| Режиски трошоци и канцелариски материјали | 181.248,00 |
| Услуги | 390.801,00 |
| Патни трошоци | 134.561,00 |
| Опрема | 43.777,00 |
| Провизии | 3.596,00 |
| Активности | 1.106.392,00 |
| Друго | 7.035,00 |
| Персонален данок | 60.491,00 |
| **Вкупно** | **2.905.254,50** |

*Табела 1. Тип на расходи во 2013 година*

Графички, расходите се прикажани на Графиконите 1 и 2.




*Графикон 1. Графички приказ на расходите за 2013 година.*




*Графикон 2. Графички приказ на расходи за 2013 година*

Во табела 2 се прикажани спроведените проекти со расходи за 2013 година, а во графиконите 3 и 4 е даден нивен графички приказ.

| **Име на проект** | **Код** | **Донатор** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| Градење партнерства за заштита на климата во Македонија | 01-ECF-13 | Европска фондација за климата | 628.452,00 |
| Екосфера | 01-ES-13 | ГЕФ Програма за мали грантови | 470.493,00 |
| Одржлива енергетска политика за Југоисточна Европа (СЕЕ СЕП) | 01-SEE-13 | Европска комисија | 312.100,00 |
| Климатски иницијативи во Македонија 2 | 02-AIR-13 | Секретаријат за клима и загадување на воздухот | 186.855,00 |
| Подобри идеи за европски фондови | 02-EACEA-13 | Европска комисија | 196.916,00 |
| Заедно за Натура 2000 | 02-NAT-13 | Европска комисија | 135.122,00 |
| Активности на CEE Bankwatch Network во Македонија | 12-BWN-13 | CEE Bankwatch Network | 939.645,50 |
| Минимизирање на ефектите од македонските хидро проекти | OSI | ФИОМ, Global Greengrants Fund | 35.051,00 |
| Активности на Еко-свест | друго | Сопствени извори | 620,00 |
| **Вкупно** | | | **2.905.254,50** |

*Табела 2. Приказ на расходи по проекти во 2013 година*




*Графикон 3. Расходи по проекти за 2013 година*




*Графикон 4. Расходи по проекти за 2013 година*

*Извештајот го изработија:*

*Ана Чоловиќ Лешоска, Невена Смилевска*